# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС
## за период од 01.01-31.12.2023 година

Скопје, март 2024 година

**Состојба на средствата и обврските на ден 31-12-2023 година**

| **СРЕДСТВА** | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Градежни објекти, опрема , возила | 57.570.194,00 | 58.483.036,00 |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од купувачи | 27.449.305,00 | 29.560.802,00 |
| Други побарувања | 772,00 | 99,00 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | 1,00 | 13.009,00 |
| Останати средства и АВР | 244.589,00 | 0,00 |
| Парични средства | 80.038.157,00 | 79.773.922,00 |
| Останати вложувања | 9.230.000,00 | 9.230.000,00 |
| Материјали на залиха | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **174.533.018,00** | **177.060.868,00** |

| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 57.570.194,00 | 58.483.036,00 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите – добивката | 88.653.883,00 | 88.653.883,00 |
| Нето добивка | 139.578,00 | 0,00 |
| Тековни обврски | | |
| Обврски кон добавувачи | 1.123.635,00 | 735.708,00 |
| Други краткорочни обврски | 97.041,00 | 69.029,00 |
| ПВР | 26.948.687,00 | 29.119.212,00 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | **174.533.018,00** | **177.060.868,00** |

**Биланс на приходи и расходи за период од 01-01 до 31-12-2023 година**

| **А. ПРИХОДИ** | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од членарина , Закуп и услуги | 22.631.123,00 | 16.033.255,00 |
| Приходи од проекти | 3.734.093,00 | 1.240.538,00 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 296.251,00 | 725.835,00 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 26.661.467,00 | 17.999.628,00 |

| **Б. РАСХОДИ** | | |
|---|---|---|
| Материјални расходи , енергија и услуги | 8.408.141,00 | 8.558.184,00 |
| Трошоци за собрание, конференции, Семинари и обуки | 1.107.734,00 | 1.873.262,00 |
| Трошоци за дизајн , печатење | 732.836,00 | 786.208,00 |
| Трошоци за интелектуални услуги, Надокнада за елеборати, ревизори, Експерти, нотарски услуги | 326.593,00 | 185.680,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка , членување во меѓународни организации, | 984.317,00 | 644.165,00 |
| Набавка на опрема | 282.148,00 | 180.441,00 |
| Трошоци за вработени | 14.044.404,00 | 12.683.831,00 |
| Даноци кои независат од резултатот, Негативни курсни разлики , | 619.711,00 | 352.224,00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | 26.505.884,00 | 25.263.985,00 |
| **Остварен вишок на приходи** | 139.578,00 | 0,00 |
| **Непокриени расходи** | 0,00 | 7.264.367,00 |

Финансиските извештаи се составени во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

**Основни средства**

Основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност, а се ревалоризираат со пропишаниот коефициент на пораст на цените на индустриските производи. Заради негативниот годишен коефициент, во 2023 година не се изврши ревалоризација на основните средства, освен за новонабавените основни средства во текот на годината, за кој месечниот коефициент беше позитивен.

Амортизацијата се пресметува по стапки пропишани со закон , за секое поединечно основно средство. Законски пресметаната амортизација во 2023 година изнесува 1.195.557,00 денари. Сегашната вредност на основните средства на 31 декември 2023 година изнесува 57.570.194,00 денари.

Намалувањето на вредноста на билансната позиција постојани средства во 2023 година во однос на 2022 година и покрај новонабавените, за 1.56% во текот на 2023 година, се должи на губењето на вредноста на основните средства заради законски пресметаната аморитзација, како и извршениот отпис на основни средства заради застареност и нефункционалност на средствата.

Во 2023 година, набавени се средства во износ од 282.148,00 денари.

**Тековни средства**

**Побарувања од купувачи**

Билансната позиција побарувањата од купувачи, опфаќа побарување по основ на ненаплатена членарина, како и други побарувања од општините и истата изнесува 27.449.305,00 денари. Побарувањата по основ на членарина за тековната 2023 година, како и за изминатите години, изнесуваат 25.983.745,00 денари. Значителен дел од овие побарувања во износ од 10.704.627,00 денари или 41.20% се побарувања кои се отплатуваат на рати, а врз основа на потпишани спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати. Во изминатата 2023 година потпишани се две нови спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати.

Побарувањата од закуп на деловен простор, заклучно со 31 декември 2023 година изнесуваат 45.987,00 денари и истите произлегуваат од договорот за закуп на деловен простор.

**Парични средства**

Паричните средства вклучуваат готовина во благајна и парични средства на сметките во комерцијалните банки. Паричните средства во странска валута се искажуваат по курс на Народна банка на денот на билансирањето .

Трансакциите направени во странски средства за плаќање , се пресметуваат во денари на денот на настанот. Курсните разлики настанати во текот на годината се искажуваат во билансот на успех како приходи и расходи .

**Останати вложувања**

Краткорочните финансиски вложувања се состојат од орочен денарски депозит во домашни комерцијални банки во износ од 9.230.000,00 денари.

**Извори на средства**

Обврските спрема добавувачи изнесуваат 1.123.635,00 денари. Сите овие обврски се платени во текот на јануари 2024.

На билансната позиција други краткорочни обврски се евидентирани обврските по годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации и данок на додадена вредност за четвртото тримесечие од 2023 година, во износ од 97.041,00 денари. Обврската за годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации за 2023 година изнесува 16.005,00 денари. Обврската за данок на додадена вредност, во износ од 81.036,00 денари е платена во 2024 година, согласно рокот за плаќање на обврската.

Пасивните временски разграничувања претставуваат одложени приходи како резултат на настанатите побарувања по основ на членарина, закупнина и обуки кои не се наплатени до 30 јануари 2024 година и истите изнесуваат 27.088.265,00 денари.

Деловниот фонд е траен извор на средствата и соодветствува со износот на основните средства.

Вишокот на непотрошените средства од изминатите години, а кои се наменети за извршување на активностите согласно стратешкиот план за ЗЕЛС, се евидентирани на билансната позиција нераспределен дел од вишокот на приходите и истите изнесуваат 88.653.883,00 денари.

**Приходи и расходи**

**Приходи**

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации и здруженија се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаваат во пресметковниот период според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, а се расположливи ако се остварени во пресметковниот период или 30 дена по истекот, но се однесуваат на пресметковниот период и служат за покривање на трошоците од тој пресметковен период. Според ова начело расходите се признаваат во пресметковниот период или 30 дена по истекот, под услов обврската за плаќање да настанала во тој период.

Во периодот од 01.01-31.12.2023 година ЗЕЛС го оствари следниот финансиски резултат :

| | |
|---|---|
| 1. Остварени приходи | 26.661.467,00 |
| 2. Остварени расходи | 26.505.884,00 |
| 3. Остварен вишок на приходи | 155.583,00 |
| 4. Непокриени расходи | 0,00 |

Во 2023 година, ЗЕЛС оствари вкупен приход во износ од 26.661.467,00 денари, што претставува зголемување од 48,12% во споредба со 2022 година. Во истиот период трошоците на работењето се зголемени за 4,2%

ЗЕЛС своите активности ги финансира од членарина , сопствени приходи и приходи од проекти. Приходите по основ на членарина се наплаќаат од општините, а се пресметуваат врз основа на Одлука за утврдување на износот и методологијата за пресметка на годишната членарина, во согласност на бројот на жители по општини. Членарината во 2023 е пресметана по новата одлука за утврдување на износот на членарина според која членарината се пресметува во висина од 10,00 денари по жител.

Приходите од извршени услуги се однесуваат на приходи од закупнини, кои се стекнати со давање под закуп на дел од сопствените простории, приходи од други услуги, како и приходи кои се остварени од спроведени обуки за градежно земјиште за претставниците на општинската администрација. Во текот на месеците март, април и јуни 2023 година, по објавен јавен повик, се спроведе почетна обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија. Надоместокот за обуката е пресметан согласно Одлуката за утврдување на надоместоците за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки согласно со Законот за градежно земјиште.

Приходите од проекти се наменски средства за однапред договорени активности .

Активностите на ЗЕЛС кои се одвиваа во текот на 2023 година, се финансирани од следниве извори:

- членарини од општините,
- приходи од извршени услуги,
- приходи од проекти

Приходите од членарина во 2023 година изнесуваат 19.866.670,00 денари. Вкупниот износ на наплатена членарина во 2023 година е поголем од наплатената членарина во 2022 година за 46,64%, Високиот износ на наплата на членарина за 2023 година се должи на зголемената наплата на членарина од минатите години заради напорите на ЗЕЛС за зголемување на наплатата на членарината. Наплатената членарина која се однесува за 2023 година изнесува 10.750.728,00 денари и е приближно на ниво од 2022 година, односно има зголемување од 6% во однос на минатата година. Порастот од 6% се должи на зголемување на членарината од 8,00 денари на 10,00 денари по жител согласно одлуката за висината на членарината. ЗЕЛС и понатаму продолжува со активностите за зголемување на наплатата на заостанатиот долг по основ на членарина преку дадената можност за плаќање на заостанатиот долг на рати. Во 2023 потпишани се две нови спогодби во износ од 3.487.265,00 денари.

Приходите од извршени услуги и издавање под закуп на деловен простор, наплатени во 2023 година, изнесуваат 2.614.205,00 денари. Дел од овие приходи во износ од 555.205,00 денари или 21,24%, се по основ на закуп на деловен простор, наплатени во 2023 година.

Надоместокот за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки, согласно со Законот за градежно земјиште, наплатен во 2023 изнесува 1.515.786,00 денари.

И во 2023 година, заради намалување на курсот пред се на американскиот долар, приходите од курсни разлики се намалени во однос на 2022 година. Нето ефектот на курсни разлики во овој период изнесува 278.936,00 денари.

Во 2023 година ЗЕЛС оствари приходи во износ од 164.000,00 денари врз основа на Уредба за тековно одржување на софтверска апликација, што е помалку во споредба со мината година.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ**

**Структура на приходите остварени во 2023 година**

| Приходи според извори | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 19,866,670.00 | 74.51 |
| Приходи од проекти | 3,734,093.00 | 14.01 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 460,251.00 | 1.73 |
| Приходи од извршени услуги | 2,600,453.00 | 9.75 |
| **Вкупно** | **26,661,467.00** | **100.00** |




Приходите добиени во рамките на проектите се наменски средства добиени за однапред договорени активности кои вработените во ЗЕЛС, заедно со своите членки, успешно ги реализираа и во изминатава година.

Во 2023 година, заради извршување на договорените проектни активности, евидентирани се следните приходи:

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТИ ВО 2023 ГОДИНА

| ПРОЕКТ | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| SALAR - Одржливо управување со отпадот на локално ниво | 358,149.00 | 9.59 |
| UNDP- Проект Зајакнување на општинските совети - фаза 2 | 1,152,975.00 | 30.88 |
| NALAS Национално учење | 368,959.00 | 9.88 |
| NALED -Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан | 408,064.00 | 10.93 |
| Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локлано ниво (SoRi III) | 515,570.00 | 13.81 |
| SOLICO – Солидарност по корона пандемијата | 338,289.00 | 9.06 |
| Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги | 123,334.00 | 3.30 |
| NALED - Воспоставување на платформа за деловна поволна средина во Западен Балкан. | 455,001.00 | 12.19 |
| Кожувчанка Доо Кавадарци | 13,752.00 | 0.37 |
| **Вкупно** | **3,734,093.00** | **100.00** |



Во текот на 2023 година започна да се имплементира проектот со назив Одржливо управување со отпадот на локално ниво – САЛАР, финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународен развој. Период на имплементација на проектот е од 01 јуни 2023 до 01 јуни 2025 година.

Проектот Зајакнување на општинските совети, започна да се реализира во октомври 2016 година. Целта на проектот е преку одржување на средби и тематски работилници со општинските советници , да се зголеми ефикасноста на општинските совети во нивната улога на надзор, со што би се зголемила ефикасноста во исполнувањето на потребите на граѓаните. Проектот е поддржан од УНДП - Канцеларија во Скопје, со времетраењето на проектот до јуни 2020 година. Проектот е продолжен со анекс договор во мај 2020 година. Во месец август 2022 година склучен е нов договор за проектот Зајакнување на општинските совети Фаза 2. Овој проект продолжува и во текот на 2023 година.

Проектот со скратен назив „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан, преку НАЛЕД е финансиран од Германската Агенција за меѓународен развој –ГИЗ. Целта на проектот е воспоставување на економски исплатлив синџир на рециклирање на стакло. За таа цел се реализираат низа на активности, како поставување на контејнери за стакло во пилот општините (во соработка со Пакомак Скопје), кампања за едукација на населението за важноста од селектирање, обука на јавните комунални претпријатија за развивање на бизнис модели за успешно управување со отпадот од стакло. Проектот заврши на 31 декември 2022 година, но крајниот финансиски извештај е доставен во 2023 година, како и последната рата која е исплатена во 2023 година.

И во 2023 година продолжува договорот помеѓу НАЛЕД и ЗЕЛС за реализирање на проектот со назив Воспоставување на платформа за деловна поволна средина во Западен Балкан. Проценетиот буџет на проектот изнесува 14.750,00 евра.

Проектот Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локлано ниво – СОРИ 3 е имплементиран од ЗЕЛС и Налас- Мрежа на асоцијации на локалните власти во Југоисточна Европа, во соработка со Германската агенција за меѓународен развој - ГИЗ. Целта на проектот е да ги поддржи локалните самоуправи и нивните здруженија во Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Албанија во зајакнувањето на социјалното и економското вклучување на ранливите групи во согласност со сеопфатниот принцип на Агендата 2030 година. Периодот на имплементација на проектот е од 01 јануари 2023 година до 31 јули 2025 година, а вкупниот буџет изнесува 26.027,00 евра.

Во текот на 2021 година беше склучен договор за имплементирање на проектот Вклучување и улога на јавните власти, граѓанското општество и волонтерите во време на криза,како и меѓународна СОЛИдарност – учење од Корона пандемијата, помеѓу ЗЕЛС и Land Steiermark Австрија, а започна во текот на 2022 година. Овој проект трае и во текот на 2023 година.

Во текот на 2022 година започна проектот Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги во вредност од 3.000 евра, имплементиран од Ептиса Белград и ЗЕЛС. Целта на овој проект е обезбедување придонес во процесот на избор на општини кои добија поддршка и менторство за изработка на социјален план, придонес во процесот на изработка на социјалните планови за избраните општини, обезбедување поддршка во процесот на подготовка и испорака на обуките за општините, како и поддршка при организирање на обуките за претставиниците на општините. Проектот заврши на почетокот на 2023 година

Во 2023 година продолжи соработката помеѓу ЗЕЛС и Кожувчанка Доо Кавадарци преку имплементација на договорот за поддршка на активностите на ЗЕЛС со донирање на добра од сопственото производство на Кожувчанка Доо Кавадарци. Вредноста на донацијата изразена во денари, изнесува 145.128,00 денари, согласно потпишаниот договор од 5 мај 2019 година, кој сеуште трае.

**Расходи**

Расходите во 2023 година изнесуваат 26.505.884,00 денари. И покрај економичното трошење на средствата, вкупните расходи се зголемени за 4,92% во споредба со минатата година. Зголемувањето на расходите се должи на реализацијата на одредени проекти и планирани активности на ЗЕЛС, како и одредени проектни задачи.

Структурата на трошоците во 2023 година, како и графичкиот приказ се следните:

| | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 155,431.00 | 0.59 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,239,313.00 | 4.68 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 613,932.00 | 2.32 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 5,960,229.00 | 22.49 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 732,836.00 | 2.76 |
| Услуги за превоз | 60,207.00 | 0.23 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 136,344.00 | 0.51 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,107,734.00 | 4.18 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 179,637.00 | 0.68 |
| Банкарски трошоци | 63,048.00 | 0.24 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија ) | 326,593.00 | 1.23 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина , котизација ) | 505,735.00 | 1.91 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети, трошоци за саеми – штанд во Сараево ) | 478,582.00 | 1.81 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 14,044,404.00 | 52.99 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 282,148.00 | 1.06 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси, вратени средства од проект , вонредни расходи | 619,711.00 | 2.34 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 26,505,884.00 | 100.00 |




Трошоците за материјали, енергија и услуги, се направени за нормално извршување на активностите предвидени со акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 година. Овие трошоци изнесуваат 8.408.141,00 денари. Во однос на 2022 година овие трошоци се намалени за 1,75%. Нивното учество во вкупните трошоци изнесува 31,72% Во рамките на оваа група на трошоци, зголемување во однос на минатата година, бележат трошоците за материјали и трошоците за пошта, телефон и интернет.
Вкупните средства кои ЗЕЛС во 2023 година ги издвои за тековно одржување на софтверите за електронско издавање на одобренија за градба, услуги за одржување на инфраструктурата на клауд системот, тековно одржување на софтвер за градежно земјиште, услугите за тековно одржување и надградба на веб страните за е-ствари и родово одговорно буџетирање, како и трошоците за извршени сервиси и поправки на средствата, изнесуваат 5.960.229,00 денари. Овие трошоци се помали за 6.60% во однос на минатата година, како резултат на пониската цена на услуги за одржување на клауд системот.Зголемување на трошоците од оваа категорија на трошоци е евидентирано и кај трошоците за енергија кои се за 2,31% повисоки во однос на 2022 година, што е резултат на зголемената цена на електрична енергија.

Трошоците за дизајн и печатење на извештаи и ЗЕЛС гласило, во 2023 година се незналително намалени во споредба со 2022 година и истите изнесуваат 732.836,00 денари. Во 2023 година сите изданија на ЗЕЛС, како и ЗЕЛС гласило беа отпечатени. Нивното учество во вкупните трошоци се зголеми на 2,76% .

Трошоците за организирање на Годишно собрание на ЗЕЛС, за одржани конференции, семинари и обуки, во 2023 година изнесуваат 1.107.734,00 денари. Овие трошоци се значително намалени во споредба со 2022 година, пред се заради помалку организирани настани.

Трошоците за интелектуални услуги во 2023 година изнесуваат 326.593,00 денари и нивното учество во вкупните трошоци изнесува 1,23%. Во оваа група на трошоци спаѓаат

надокнада за интелектуални услуги, како и трошоците направени за изготвување на ревизорски извештај.

Трошоците за меѓународна соработка опфаќаат трошоци околу членувањето на ЗЕЛС во меѓународни здруженија, како и трошоци за службени патувања во странство, заради учество на меѓународни конференции и саеми и тоа трошоци за авиобилети и за хотелско сместување и дневници за службен пат. Трошоците за меѓународна соработка, што претставуваат членување во меѓународни здруженија, изнесуваат 505.735,00 денари, додека за саеми 244.627,00 денари. Трошоците за дневници за службен пат изнесуваат 66.154,00 денари и овие трошоци се покриени со средства од проекти

Во текот на 2023 година се евидентирани две основни средства - 3 lapp LenovoIDEApad 3 6305/8G/128/512 и 2 Lapp LENOVO ThinkBook 15 G4/I7/16/512 5 и УПС уреди за напојување во износ од 282.148,00 денари.

Негативните курсни разлики во 2023 година изнесуваат 619.711,00 денари и претставуваат 2,34% од вкупните расходи.

**Вработени и бруто плати**

Според состојбата на крајот на месецот, просечниот месечен број на вработени во ЗЕЛС во 2023 година, изнесува 16 лица.

Во анализираниот период вкупниот износ на бруто плати на вработените, надоместоци и други лични примања, изнесува 13.684.724,00 денари. Износот на бруто плата, обезбеден од средствата добиени за реализирање на проектни активности, изнесува 858.978,00 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| Проект SORI | 3,77% |
| Проект SALAR | 2,51% |

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2023 година | Реализирано во 2023 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 4,711,650.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 18,367,130.00 | 19,866,670.00 | 108.16 |
| Приходи од проекти | 4,281,400.00 | 3,734,093.00 | 87.22 |
| Приходи од извршени услуги | 1,939,820.00 | 2,600,453.00 | 134.06 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 200,000.00 | 460,251.00 | 230.13 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **29,500,000.00** | **26,661,467.00** | **90.38** |
| РАСХОДИ | Планирано во 2023 година | Реализирано во 2023 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 500,000.00 | 155,431.00 | 31.09 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,600,000.00 | 1,239,313.00 | 77.46 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 980,000.00 | 613,932.00 | 62.65 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7,100,000.00 | 5,960,229.00 | 83.95 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,250,000.00 | 732,836.00 | 58.63 |
| Услуги за превоз | 50,000.00 | 60,207.00 | 120.41 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 230,000.00 | 136,344.00 | 59.28 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,400,000.00 | 1,107,734.00 | 79.12 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 190,000.00 | 179,637.00 | 94.55 |
| Банкарски трошоци | 60,000.00 | 63,048.00 | 105.08 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 320,000.00 | 326,593.00 | 102.06 |
| Трошоци за меѓународна соработка, трошоци за службен пат (трошои за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 970,000.00 | 984,317.00 | 101.48 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 14,200,000.00 | 14,044,404.00 | 98.90 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 620,000.00 | 282,148.00 | 25.47 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 0.00 | 619,711.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **29,500,000.00** | **26,505,884.00** | **89.85** |

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2022 И 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 7,264,367.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 10,141,196.00 | 10,750,728.00 | 106.01 |
| Приходи од проекти | 1,240,538.00 | 3,734,093.00 | 301.01 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 2,317,339.00 | 2,600,453.00 | 112.22 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 3,406,320.00 | 9,115,942.00 | 267.62 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 894,235.00 | 460,251.00 | 51.47 |
| **Вкупно** | **25,263,995.00** | **26,661,467.00** | **105.53** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 94,366.00 | 155,431.00 | 164.71 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,211,350.00 | 1,239,313.00 | 102.31 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 546,803.00 | 613,932.00 | 112.28 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,381,150.00 | 5,960,229.00 | 93.40 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 786,208.00 | 732,836.00 | 93.21 |
| Услуги за превоз | 51,052.00 | 60,207.00 | 117.93 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 2,394.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници, огласи и објави | 136,392.00 | 136,344.00 | 99.96 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,870,868.00 | 1,107,734.00 | 59.21 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 93,266.00 | 179,637.00 | 192.61 |
| Банкарски трошоци | 43,805.00 | 63,048.00 | 143.93 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 185,680.00 | 326,593.00 | 175.89 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација) | 606,411.00 | 505,735.00 | 83.40 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 37,754.00 | 478,582.00 | 1,267.63 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 12,683,831.00 | 14,044,404.00 | 110.73 |
| Набавка на опрема , опрема за ИКТ , софтверски апликации | 180,441.00 | 282,148.00 | 156.37 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 352,224.00 | 619,711.00 | 175.94 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25,263,995.00** | **26,505,884.00** | 104.92 |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **0.00** | **155,583.00** | |

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ПО ГОДИНИ ВО ПЕРИОД 2019-2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2019 година | Реализирано во 2020 година | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 0.00 | 0.00 | 1,858,790.00 | 7,264,367.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина од тековна година | 10,273,220.00 | 10,350,415.00 | 10,307,954.00 | 10,141,196.00 | 10,750,728.00 |
| Приходи од проекти | 4,073,521.00 | 3,792,917.00 | 1,868,408.00 | 1,240,538.00 | 3,734,093.00 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 1,420,202.00 | 2,036,735.00 | 2,420,796.00 | 2,317,339.00 | 2,600,453.00 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 28,032,171.00 | 5,987,020.00 | 4,546,825.00 | 3,406,320.00 | 9,115,942.00 |
| Финансиски пригоди (приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба) | 480,484.00 | 342,349.00 | 631,212.00 | 894,235.00 | 460,251.00 |
| Вкупно | **44,279,598.00** | **22,509,436.00** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** | **26,661,467.00** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2019 година | Реализирано во 2020 година | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 181,923.00 | 139,075.00 | 116,107.00 | 94,366.00 | 155,431.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода, друго) | 859,576.00 | 824,461.00 | 968,414.00 | 1,211,350.00 | 1,239,313.00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 1,011,267.00 | 800,327.00 | 674,923.00 | 546,803.00 | 613,932.00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,188,033.00 | 6,526,971.00 | 6,086,281.00 | 6,381,150.00 | 5,960,229.00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 980,888.00 | 251,841.00 | 658,393.00 | 786,208.00 | 732,836.00 |
| Услуги за превоз | 92,605.00 | 25,910.00 | 43,827.00 | 51,052.00 | 60,207.00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 20,900.00 | 3,510.00 | 8,787.00 | 2,394.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 175,922.00 | 36,350.00 | 167,584.00 | 136,392.00 | 136,344.00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување, опрема и храна) | 1,091,162.00 | 230,042.00 | 664,447.00 | 1,870,868.00 | 1,107,734.00 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 116,294.00 | 88,587.00 | 98,759.00 | 93,266.00 | 179,637.00 |
| Банкарски трошоци | 43,789.00 | 36,995.00 | 45,788.00 | 43,805.00 | 63,048.00 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 192,350.00 | 140,790.00 | 231,175.00 | 185,680.00 | 326,593.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 790,613.00 | 619,495.00 | 910,390.00 | 606,411.00 | 505,735.00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 244,632.00 | 6,994.00 | 10,830.00 | 37754 | 478,582.00 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10,691,154.00 | 11,034,670.00 | 10,694,099.00 | 12,683,831.00 | 14,044,404.00 |
| Набавка на опрема , опрема за симултан превод, ИКТ опрема , софтверски апликации, мебел, возило | 1,416,865.00 | 81,407.00 | 10,290.00 | 180,441.00 | 282,148.00 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 170,110.00 | 426,929.00 | 243,891.00 | 347,080.00 | 540,767.00 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години,вратени средства од проект, | 0.00 | 113,536.00 | 0.00 | 5,144.00 | 78,944.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **24,268,083.00** | **21,387,890.00** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** | **26,505,884.00** |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **20,011,515.00** | **1,121,546.00** | **0.00** | **0.00** | **155,583.00** |

**Скопје, март 2024 година**